Врз основа на член 417 и член 418 од Законот за Трговски Друштва, а согласно член 27 од Статутот на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп ("Друштвото"), Годишното Собрание на Акционери на Друштвото на седницата одржана на 29 јуни 2020 година, ја донесе следната:

**П Р Е Д Л О Г  О Д Л У К А**

**За измена на Статутот**
**на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп**

**Член 1**

Членот 5 од Статутот на Мермерен Комбинат АД Прилеп се менува и гласи:
"Седиштето на Друштвото е во Прилеп на следната адреса: ул. Леце Котески бр.60А ."

**Член 2**

Членот 7 од Статутот на Мемерен Комбинат АД Прилеп се менува и гласи:
"Приоритетна дејност на Мермерен Комбинат АД Прилеп е: Вадење на декоративен камен и камен за градежништво, варовник, суров гипс, креда и шкрилци.
Главна приходна шифра на Мермерен Комбинат АД Прилеп е: 08.11.
Приоритетната дејност не ја исклучува, ниту ограничува примената на Општата клаузула за бизнис за Друштвото."

Членот 8 од Статутот на Мермерен Комбинат АД Прилеп се менува и гласи:
"Друштвото во своето работење ќе ја применува и Општата клузула за бизнис, со што има право да ги извршува сите дејности определени во Националната класификација на дејности (НКД)."

**Член 3**

Се овластува Одборот на директори, да подготви пречистен текст на Статутот во којшто ќе се внесат измените на Статутот извршени со оваа Одлука.

Пријава за упис за измената на Стаутот при трговскиот регистар поднесува Извршниот директор на Друштвото.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Претседавач на Собрание**

______________________